**Денеска на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во присуствов на министерот за култура Алаѓозовски, пратеници од Собранието на РМ, претставници на МАНУ, други институции и стручната јавност,  беше промовиран каталогот на дигитализираните мелограми од легатот на истакнатиот македонски фолклорист Васил Хаџиманов, кој го изработија студентите на програмата од вториот циклус студии за музички науки при ФМУ, Николче Витковски и Цветанчо Николоски под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски...**



На свеченоста, каталогот им беше предаден на претставниците на Македонската академија на науките и уметностите, каде се наоѓа овој легат. Во овој каталог се попишани 10.166 мелограми, кои се дел од обемниот легат на Васил Хаџиманов што се наоѓа во архивот на МАНУ. Со попишувањето на мелограмите се прави уште еден важен исчекор во содржината на легатот и брзото и лесно пребарување, посебно имајќи ја предвид неговата обемност. Овој настан, исто како и попишувањето на комплетната содржина на легатот е од посебно значење за заштитата на македонското духовно културно наследство е дел од посветената работа на „Архивот Бужаровски“ (BuzAr), каде што каталогот ќе биде примарно депониран.



[illegible]


Дигитализација на
Колекцијата Пенушлиски


Промоција на каталогот за
мелограмите од Легатот на Васил Хаџиманов

